## Универзитет Св. Климент Охридски – Битола | Alumni интервју

## За Вас

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | Александра Илиоска |
| **Факултет/студиска програма** | Технолошко-Технички Факултет, Велес; Прехранбена технологија и биотехнологија |
| **Работно место/позиција** | Технолог во П.И. „Витаминка“ |
| **Година на дипломирање** | 2016 |
| **E-mail адреса** | ilooskasandra@gmail.com |

## Споделете искуства од студирањето на УКЛО/ Технолошко-технички факултет - Велес

**Наведете зошто избравте да студирате на Технолошко-технички факултет - Велес, ваши искуства во текот на студиите, интересни случки и сл.**

Технолошко-Техничкиот Факултет во Велес го избрав поради љубовта кон природните науки, интересот за здравата храна и новите трендови во прехранбената индустрија, но пред сѐ поради тоа што таму препознав можност за вработување во иднина. На ТТФ пронајдов стимулативна средина, пристапни професори кои од срце ги споделуваат своите знаења со студентите, но и колеги со кои четири години споделувавме интереси и доживувања. Почитта и благодарноста кон професорите исто како и другарствата родени во факултетските холови траат за цел живот.

## Споделете Ваши искуства по дипломирањето на УКЛО/Технолошко-технички факултет - Велес

**Опишете каде и што работите, опишете го Вашиот професионалн пат, наведете Ваши позначајните лични и професионални постигнувања**

Уште со запишувањето на факултет моја желба беше вработување во „Витаминка“ и набрзо по дипломирањето желбата ми се исполни. Во „Витаминка“ работам како технолог во Работната Единица „Кечап и мајонез“. Витаминка“ е лидер во прехранбената индустрија не само во земјава, туку и во поширокиот регион, со повеќе од 60 години успешна работа и широка палета на силни брендови препознатливи на светско ниво. Во Витаминка“ сум опкружена со врвни професионалци, луѓе со огромно искуство и знаења, колеги од кои секојдневно учам и се доизградувам како професионалец.

## Alumni совет

**Со една до две реченици што би им порачале како совет на сегашните и идните студенти на УКЛО?**

На идните студенти им препорачувам да одберат професија која вистински ја сакаат. Единствено така учењето се претвора во уживање, а работата станува задоволство. Студентите не треба да се плашат од предизвици, нив треба храбро да ги прифатат и секогаш треба да се стремат да бидат подобри, најдобри во тоа што го работат.